Врз основа на член 20 од Законот за заштита на воздухот од загадување („Службен весник на СРМ" бр. 20/74), републичкиот секретар за здравство и социјална политика донесува

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА НАЧИНОТ И РОКОВИТЕ ЗА МЕРЕЊЕ, КОНТРОЛА И ЕВИДЕНЦИЈА НА МЕРЕЊАТА НА ИСПУШТЕНИТЕ ШТЕТНИ МАТЕРИИ ВО ВОЗДУХОТ ОД ОБЈЕКТИ, ПОСТРОЈКИ И УРЕДИ ШТО МОЖАТ ДА ГО ЗАГАДАТ ВОЗДУХОТ НАД МАКСИМАЛНО ДОЗВОЛЕНИТЕ КОНЦЕНТРАЦИИ

Член 1

Организациите на здружен труд, другите правни лица и граѓаните чии објекти, уреди и постројки го загадуваат воздухот, мерењата на количествата испуштени штетни материи ги вршат и евиденцијата за извршените мерења ја водат на начин и во рокови предвидени со овој правилник.

Член 2

Ако објектите, постројките и уредите трошат повеќе од 100 тони цврсто или повеќе од 50 тони течно гориво дневно, организациите на здружен труд, другите правни лица и граѓаните, должни се постојано со автоматски уреди кои имаат звучна и светлосна сигнализација, да ја мерат бојата на чадот и содржината на сулфур диоксидот во отпадните гасови.

Автоматските уреди треба да ја активираат сигнализацијата кога бојата на чадот и сулфур диоксидот ќе ги премине вредностите определени во членот 4 став 1 од Законот за заштита на воздухот од загадување.

Член 3

Организациите на здружен труд, другите правни лица и граѓаните чии објекти, уреди и постројки трошат повеќе од 1 тон цврсто или повеќе од 0,5 тон течно гориво на ден, должни се со автоматски уреди да ја мерат бојата на чадот и содржината на сулфур диоксидот во отпадните гасови најмалку двапати дневно, во моментот на стартување на ложиштето и во моментот на максимална часовна потрошувачка, а при тоа мерењето да не трае помалку од 10 минути од почетокот на стартот или уфрлувањето на нови количества на гориво.

Член 4

Ако објектите, уредите и постројките поради неповолни метеоролошки или хавариски услови испуштаат штетни материи во концентрации кои можат да предизвикаат акутни труења на населението, организациите на здружен труд, другите правни лица и граѓаните се должни постојано со автоматски уреди да ја следат концентрацијата на штетната материја на местото на испуштањето.

Уредот од претходниот став треба автоматски да ја активира звучната или светлосната сигнализација ако количеството на испуштената штетна материја ја пречекори максимално дозволената концентрација (МДК).

Член 5

Во случај на активирање на алармот или утврдување на пречекорувањето на количествата на испуштениот чад, сулфур диоксид и други штетни материи, организацијата на здружен труд, другите правни лица и граѓани кои вршат мерења веднаш ги известуваат Републичкиот хидрометеоролошки завод и општинскиот орган на управата надлежен за работите на санитарната инспекција, заради преземање на мерки.

Член 6

Организациите на здружен труд, другите правни лица и граѓаните чии објекти, уреди и постројки го загадуваат воздухот водењето секојдневна редовна евиденција го вршат во посебна книга наменета исклучиво за таа цел, која содржи назив на испитуваната штетна материја, време на испитувањето и резултатите од испитувањето.

Книгата за евиденција оверена од општинскиот орган на управата надлежен за работите на здравството ја води определено лице.

Член 7

Контролата за правилно и редовно водење на евиденцијата општинскиот орган на управата надлежен за работите на санитарната инспекција ја врши најмалку еднаш месечно.

Член 8

Организациите на здружен труд, другите правни лица и граѓаните кои мораат да имаат автоматски уреди за следење на штетните материи во отпадните гасови, поднесуваат на секои 6 месеци потврда (атест) за исправноста на автоматскиот уред во однос на неговата ефикасност и за правилното функционирање на алармниот систем до органот од претходниот член.

Член 9

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 01-01-521
16 февруари 1976 година
Скопје

Републички секретар
за здравство и социјална политика,
**Јездимир Богдански,** с. р.